# ИМАМ ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Ако си државјанин на Република Македонија

Ако си здравствено осигурено лице

**ИМАШ ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

**Имаш право да избереш матичен лекар.**

Секој државјанин на РМ има право на здравствената заштита без да биде дискриминиран по однос на раса, пол, старост, национална припадност, социјално потекло, вероисповед, политичко или друго убедување, имотна состојба, култура, јазик, вид на болест, психички или телесен инвалидитет. Во Законот за заштита на правата на пациентите се уредени механизмите за заштита и остварување на правата на пациентите.

# I. ИМАШ ПРАВО НА ТВОЈ ЛЕКАР

Главен фокус на примарното ниво на здравствена дејност е врз избраните („матични“) лекари, кои може да се од областа општа медицина, гинекологија и општа стоматологија.

## 1.1. МАТИЧЕН ЛЕКАР

Матичниот лекар е должен на осигуреното лице да му укажува здравствени услуги од примарната здравствена зашита и да го следи неговото здравје.



Прегледи кој ги врши матичниот лекар се :

- прегледи по барање на осигуреното лице кои ги врши избраниот лекар според медицински индикации и опфаќаат лекарски физикален преглед, анализа на претходна здравствена состојба,
- упатување на потребни дијагностички постапки,
- упатување на специјалистички преглед,
- дијагностицирање,
- соодветно лекување и ако е потребно упатување на болничко лекување,
- пропишување на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ.

## 1.2. МАТИЧЕН ГИНЕКОЛОГ



Прегледи кој ги врши матичниот гинеколог се :

- ја следи бременоста и дава совети во врска со бременоста и контрацепцијата

- го води породувањето, кога не е неопходно породувањето да се врши во болнички установи и доколку има услови за тоа

- превзема мерки и активности за рано откривање на заболувањата кај жените меѓу кои спаѓаат и здравствените услуги со ЕХО преглед

## 1.3. МАТИЧЕН СТОМАТОЛОГ



Прегледи кај избраниот стоматолог се

- превенција,
- лекување и санирање на болестите на устата и забите.

Превентивните прегледи опфаќаат:

- рано откривање на болести на устата и забите
- аномалии во развојот на вилиците и забите
- упатување на дијагностички прегледи.

**Избраниот лекар има договор со Фондот.**
**Тој врши лекарски прегледи во ординацијата или, по исклучок, само во итни случаи - во домот на пациентот. Дел од неговите обврски се и да пропишува лекови, да упатува на повисоко ниво на здравствена заштита (да издава упати со специјалист), да утврдува оправданост за привремена спреченост од работа и да ја чува медицинската документација.**

## 2. Како до матичен лекар?

Изборот на лекар се врши со пополнување на изјава за избор на лекар на образец ИЛ-1 (Пријава за избор - Промена на лекар).
Изјавата се пополнува во два примероци од кои едниот останува во здравствениот картон на осигуреното лице кај избраниот лекар, а другиот избраниот лекар го доставува до подрачната служба на Фонот за здравствено осигурување, заради евиденција.
Доколку ти е потребна помош околу пополнувањето на формуларот или дополнителна информација за постапката, дојди во **"Сакам да знам"** и разговарај со социјалниот работник.
Исто така може да побараш помош и од Ромските здравствени медијатори кои се во амбулантата Шуто Оризари

## 2.1 Должности на пациентот

**Според Законот за здравствено осигурување, право и должност на осигуреникот е да избере лекар во примарната здравствена заштита.**

Избраниот лекар е должен да пружи здравствени услуги на товар на Фондот, доколку осигуреното лице приложи потврда за платен придонес и задолжително го идентификува осигуреникот со заверена здравствена легитимација и со лична карта, а ученикот и студентот со ученичка книшка и индекс.

## 2,2, Должности на лекарот

**Секој избран лекар е должен, во случај на негово отсуство на своите пациенти да им обезбеди замена со соодветен лекар од примарната здравствена заштита.**

Избраниот лекар е должен за секое осигурено лице да води здравствен картон, дневник за работа и друга евиденција, согласно прописите за водење на евиденциите од областа на здравството, сметководството и финансите.

За децата осигурени лица до 14 годишна возраст и за лицата на кои им е одземена или ограничена деловната способност, изборот на лекар го врши родителот односно старателот. Изборот на матичен гинеколог го вршат лица од женски пол со навршени 12 години.

**Лекарот може да го одбие изборот на осигуреното лице доколку тоа покажува недоверба или не постапува според неговите совети или ако не му дава вистински податоци за својата здравствена состојба**

### 2.3. Здравствената установа е должна:

- да дава здравствени услуги на осигурени лица само за дејноста за која има склучено договор со Фондот;

- да обезбедува здравствени услуги на сите осигуреници кои избрале лекар во здравствената установа, без дискриминација.

- да ја почитува дискрецијата на податоците и информациите во врска со осигурените лица, нивниот дигнитет и интимност;

- да издава потврда за наплатеното учество (партиципација) и фискална сметка, како и да не наплаќа дополнителни средства од осигурените лица, освен за утврденото учество;

- на видно место во ординацијата на избраниот лекар, во форма и големина утврдена од Фондот, да истакне текст дека „Прегледот кај избраниот лекар не се наплаќа“.

## 3. Дали може да го сменам матичниот лекар?

Избраниот лекар може да се промени во случај на престанок на работа на избраниот лекар; промена на местото на живеење односно на работа на избраниот лекар или на осигуреното лице и во други случаи по барање на осигуреното лице, односно лекарот.

**Осигуреното лице по сопствено барање, може да врши промена на избраниот лекар најмногу два пати во текот на една календарска година.**

## 4. Дали прегледите кај матичните лекари се наплатуваат?

**Прегледот кај избраниот (матичниот) лекар е бесплатен.**
Доколку избраниот лекар врши помошни дијагностички прегледи со ЕКГ, ЕХО или други апарати, здравствените услуги не се сметаат како посебни здравствени услуги, туку како здравствени услуги на избраниот лекар, и истите не треба да се наплаќаат за осигурени лица.
Во сите други ситуации осигурените лица кај матичните лекари плаќаат партиципација за која здравствената установа треба да им издаде фискална сметка.

### Колку изнесува партиципацијата која треба да се плати?

Осигурениците при користење на здравствените услуги и лекови плаќаат само делумно учество со лични средства во висина најмногу до 20% од просечниот износ на вкупните трошоци на здравствената услуга или лек. Ова значи дека доколку еден лек од позитивната листа на лекови во приватна продажба чини 100 денари, осигуреникот истиот лек со рецепт од матичниот лекар ќе го чини најмногу 20 денари. Доколку лекот кој е препишан не е на позитивната листа на лекови, осигуреникот истиот го плаќа во целост (на приватно).

За одобрено лекување во странство учеството е 20% од вкупните трошоци. За протези, ортопедски и други помагала и санитетски средства предвидено е учество на осигуреникот до 50% од утврдената цена на помагалата и средствата.

## 4.1. Ослободување од партиципација

Од плаќање на партиципација кај матичен лекар  се ослободени следните категории на лица:

- лекарски преглед кај избраниот матичен и итна медицинска помош на повик
- деца со посебни потреби
- корисници на постојана парична помош, лица сместени во установи за социјална заштита и други семејства, освен за лековите од позитивната листа на лекови и лекувањето во странство
- осигуреници кои платиле износ повисок од 70% од просечната плата во РМ во претходната година, освен за лековите и лекување во странство
- лица до 18 години кои имаат потреба од определени ортопедски помагала
- лица опфатени со програмите на Владата.

Секое лице кое е здравствено осигурано во Македонија, има право на следниви бесплатни здравствени услуги:

- **Прегледи кај избран матичен лекар, матичен гинеколог и матичен стоматолог**

- **Итна медицинска помош**

  *Во случај на лажно (неоправдано) повикување на итна медицинска помош, осигуреното лице само ги сноси трошоците на прегледот и превозот

- **Право на патронажна посета**

Осигуреното лице има право на здравствена нега од страна на поливалентна патронажна сестра и тоа преку:

- патронажни посети на жени во репродуктивниот период;
- патронажни посети на бремени жени и леунки;
- патронажни посети на новородени, доенчиња и предучилишни деца.

## 5. Каде да побарате помош или совет доколку некое ваше право е ограничено или повредено?

Доколку сметате дека одредено право Ви е повредено или ограничено, можете да добиете бесплатна правна помош во Младинскиот центар **“Сакам да знам“** кој се наоѓа во просториите на Амбулантата во Шуто Оризари.

Барањето за правна помош можете да го пополните електронски на следнава веб страна **http://hera.org.mk/?page_id=58** или пак лично да дојдете во ‘‘Сакам да знам‘‘ секој понеделник и четврток од 10:00 - 17:00 и секој вторник од 11:00 – 18:00 часот.

Бесплатно правно советување и информирање можете да добиете и од тимот параправници на ХЕРА. Тие се на терен секој понеделник и петок од 10:00 – 13:00 часот и одат од куќа во куќа прашувајќи дали има потреба од бесплатна правна помош и вршат информирање на локалното население околу остварувањето и заштитата на здравствените и социјалните права.

Во случај на повреда или ограничување на здравствено право можете да се обратите и до Ромските здравствени медијатори.  Тие Ве советуваат и разговараат за здравствените потреби и проблеми во Вашето семејство, Ве придружуваат до релевантна институција или организација ако е тоа потребно, Ве информираат за здравствените и социјалните услуги кои Ви следуваат, Ви помагаат при пополнување на документи, Ви помагаат да добиете лична карта, здравствена книшка, здравствено осигурување и прв извод од матична книга на родени, Ве информираат за Вашите права и обврски како пациент, Ви помагаат да направите имунизација (вакцинација) на Вашите деца , Ве советуваат за принципите на хигиена и основните здравствени прашања. Нивното седиште се наоѓа во просториите на Амбулантата во Шуто Оризари.

Доколку докторот:

• ти наплати повеќе од предвидената партиципација

• ти наплати за услуга која е бесплатна

• прекрши некое од твоите права како пациент

**побарај правна помош и пријави во “Сакам да знам”-ХЕРА (Амбуланта Шуто Оризари на 2 кат).**

Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА